## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и точка 12 став 3 од Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17), гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување на Упатството**
**за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки**
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/20)

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/17), во точката 6 став 2, алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„- максималната вредност на петтата поткатегорија претставува збир на сумарната оцена на банката со највисока системска значајност на 31 декември 2019 година (2.462 базични поена) и една стандардна девијација од сумарните оцени на идентификуваните системски значајни банки (635 базични поени);

- интервалите за секоја поткатегорија на системска значајност се определуваат така што разликата помеѓу максималната вредност од алинејата 2 од овој став (3.097 базични поени) и минималната вредност од алинејата 1 од овој став (350 базични поени) се дели со 4 и оваа вредност (687 базични поени) ѝ се додава на долната граница на секоја поткатегорија на системска значајност.“

Ставот 3 се менува и гласи:

„Овие пресметки се однесуваат на податоците со состојба на 31 декември 2019 година, при што границите на поткатегориите на системска значајност се фиксни најдоцна до пресметката со состојба на 31 декември 2021 година.“

2. Прилогот бр.2 Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност, се заменува со нов прилог бр. 2 којшто е составен дел на ова упатство.

3. Ова упатство стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**У бр. 16-12043/1**
**27 април 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

**Прилог бр. 2**
**Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност**

| **Поткатегорија на системска значајност** | **Интервал** | **Заштитен слој на капиталот за системски значајни банки** |
|---|---|---|
| 5 | над 3.097 | 3,5% |
| 4 | над 2.410 до 3.097 | 2,5% |
| 3 | над 1.724 до 2.410 | 2,0% |
| 2 | над 1.037 до 1.724 | 1,5% |
| 1 | 350 до 1.037 | 1,0% |